Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 230/0306
15.05 20 19 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Марина Костова, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Во текстот на „Глас на Америка на македонски јазик“, насловен „Анкета на Гласот на Америка: Република Северна Македонија е подготвена за жена претседател“, е прекршен Кодексот на новинарите во членот 14.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 април 2019 година, Марина Костова поднесе жалба за текстот со наслов „Анкета на Гласот на Америка: Република Северна Македонија е подготвена за жена претседател“, објавен на 15 април 2019 година, на веб - страницата на „Глас на Америка на македонски јазик“ (https://mk.voanews.com/).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и пристрасност во информирањето и дека медиумот извршил свесна манипулација со лажни информации, заради политички цели во корист на една партија. Подносителот на жалбата, меѓу другото, посочува дека со оглед на репутацијата на редакцијата, која е извор на веста, информацијата се проширила како валидна во медиумите кои се сметале блиски до проопозициската партија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Глас на Америка на македонски јазик и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекшен во членот 14.

***Член 14***: *„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за ненаучна анкета, податок што и самиот медиум го посочува на крајот од текстот. Начинот на којшто е реализирана анкетата, вклучувајќи го и времето во коешто се соопштуваат резултатите од неа, недвосмислено, упатуваат на анкета што може да се толкува како пристрасна и со манипулативен предзнак. Ова особено ако се има предвид дека се објавени само проценти, но не и апсолутната бројка на учесниците во неа, која би обезбедила некаква „релевантност“

на анкетата. Ова уште повеќе ако се земе предвид насловот на текстот: „Анкета на Гласот на Америка: **Република Северна Македонија е подготвена за жена претседател**", како своевиден заклучок на резултатите од истражувањето, кое гласи:

*Кој е вашиот избор за претседател на Северна Македонија?*

*– Гордана Силјановска-Давкова – 60%*

*– Блерим Река – 3%*

*– Стево Пендаровски – 15%*

*– Нема да гласам – 22%*

Понатаму, Комисијата утврди и дека, по неколку часа, оспорениот текст/анкета е повлечен од интернет - страницата на „Гласот на Америка на македонски јазик", што само по себе упатува на сомнеж дека медиумот можеби ја воочил својата грешка и се обидел да ја намали одговорноста. Ова од причина, што во меѓувреме, повеќе интернет портали ја пренесоа анкетата, пласирајќи наслови кои во себе содржат пристрасен белег и елементи на пропаганда и кои, дополнително, можеле да ја изманипулираат и доведат во заблуда јавноста. (на пример: „Силјановска „гази" на анкетата на „Гласот на Америка" или „И анкетата на „Гласот на Америка" и' дава драстична предност на Силјановска").

Оттука, Комисијата најде дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите во членот 14, според кој **известувањето од политичките процеси**, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано, а новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Известувањето за резултати од испитувања на јавното мислење во изборниот период е важно, бидејќи тие се дел од приказната за време на изборен процес и публиката има право да знае за нив. **Притоа, од суштинско значење е новинарот да води сметка за контекстот на известувањето за резултатите од истражувањата, за точноста на информациите и за соодветноста на јазикот што го користи. Новинарот, исто така, треба да има предвид дека резултатите може да бидат несоодветни, поради што постои реална опасност публиката да биде заведена или доведена во заблуда.**

На крајот, Комисијата потсетува на делот од Кодексот на новинарите кој наметнува дека, генерално, треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на Интернет, а доколку тој се измени или отстрани, тоа да биде јасно назначено од медиумот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

На одржаната седница, членот на Комисијата, Мери Јордановска, беше изземена од расправата за случајот, во согласност со член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Редакцијата на „Гласот на Америка на македонски јазик" (https://mk.voanews.com/),во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевоки

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595